Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на приоритет, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за утврдување на приоритет, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/1 **Општина Ранковце**
30.07.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 26.07.2024 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување на приоритет

член 1

Проектот „ Изградба на Улица „2“ во село Ранковце, Општина Ранковце“, се утврдува како приоритет на Општина Ранковце за користење на средства од Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој-Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година, каде Министерството за транспорт и врски се јавува во својство на заемопримач, а Општина Ранковце се јавува во својство на краен корисник.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/4 **Совет на Општина Ранковце**
26.07.2024 година **Претседател**

Ранковце **Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на приоритет, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за утврдување на приоритет, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/2 **Општина Ранковце**
30.07.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 26.07.2024 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за утврдување на приоритет

член 1

Проектот „Реконструкција на локален пат с. Псача-с. Одрено, Општина Ранковце“, се утврдува како приоритет на Општина Ранковце за користење на средства од Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој-Светска Банка со број 9034-МК од 23.12.2019 година, каде Министерството за транспорт и врски се јавува во својство на заемопримач, а Општина Ранковце се јавува во својство на краен корисник

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/5 **Совет на Општина Ранковце**

26.07.2024 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план со намена А4-3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п.бр.1600/3, КО П’клиште, Општина Ранковце

1.Се прогласува Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план со намена А4-3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п.бр.1600/3, КО П’клиште, Општина Ранковце, донесен на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план со намена А4-3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п.бр.1600/3, КО П’клиште, Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/3 **Општина Ранковце**
30.07.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 39 став 5 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 26.07.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце

Се прифаќа иницијативата за Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце.

Прифатената иницијатива да биде вградена во програмата за изработка на урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.14/23).

Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/6
26.07.2024 година
Ранковце
Јовановска,с.р.

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година

1.Се прогласува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/4
30.07.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 26.07-2024 година, донесе

П Р О Г Р А М А
За дополнување на ПРОГРАМАТА за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година

Во ПРОГРАМАТА за изработка на урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година, („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.14/23, 3/24 и 8/24), се врши дополнување и тоа:
Во Точка 2. Изработка на Урбанистички проект за потребите на општината и по барање на физички и правни лица
се додава:
Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник “ на Општина Ранковце.

Бр.09-845/7
26.07.2024 година
Ранковце
Јовановска,с.р.

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/5 **Општина Ранковце**
30.07.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 74 став 3 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16 и 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/19, 18/20, 279/20 и 227/22) и член 6 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната документација и образецот на решението за изведување на градбите односно поставување на опремата за кои не е потребно одобрение за градење („ Сл. Весник на РМ“ бр.55/2018) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 05/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 26-07-2024 година, донесе

О Д Л У К А
за изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце

член 1

Со оваа Одлука се утврдува изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце, која што не е предвидена со урбанистичко-планска документација.

Член 2

Градбата Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце, е фундиран на темел самец со димензии: должина 5,0 м., ширина 4,5 м. и висина 2,5 м., Православен крст е од челична конструкција со вкупна висина од 25 м., и ширина од 16,3 м

член 3

Составен дел на оваа Одлука е графички дел ситуација во размер 1:500, согласно Основниот проект со технички број А1-10/24 од мај 2024 година, изработен од Друштво за проектирање, инжињеринг и услуги АРК СТУДИО ИН ДООЕЛ Тетово .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/8 **Совет на Општина Ранковце**
26.07.2024 година **Претседател,**
Ранковце **Александра Стамболиска-Јовановска,**
с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027

1.Се прогласува Одлуката за ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/6
30.07.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36, став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 05/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржава на ден 26.07.2024 година донесе:

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ„Одржлив туризам во искусна економија” STEE

“Sustainable tourism in an experienced economy”
Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027

Член 1

Се одобрува Општина Ранковце да аплицира како партнер во проект „Одржлив туризам во искусна економија” STEE, по однос на Поканата за учество на Ограничениот повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200047 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, по Приоритет 3 – Интегриран развој на прекуграничниот регион, специфична цел 1.2. Развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество.

Член 2

Се одобрува бесплатно право на користење на недвижен имот зграда 1 на КП 3125 КО Петралица евидентирана во имотен лист број 392 за спроведување на целите на проектот „Одржлив туризам во искусна економија” STEE. Проектните активности се во врска со адаптација на училишна зграда 1 во центар за традиционални вредности и култура во с. Петралица и создавање на Прекуграничен центар за традиционални вредности и култура. Создадениот центар ќе биде место каде туристите и посетителите ќе можат да се информираат за традиционални вредности и култура во с. Петралица и целата понуда на партнерите кои учествуваат во проектот (Кратово, Ранковце и Сапарева Бања).

Член 3

Целта на проектот од член 1 на оваа Одлука нема да биде променета во период од најмалку 5 (пет) години по одобрување на финалното барање за плаќање за проектот.

Член 4

Градоначалникот на Општина Ранковце ќе потпише Договор за партнерство за реализацијата на проектот “Одржлив туризам во искусна економија” STEE.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/9
26.07.2024 година
Ранковце
с.р.

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-Јовановска,

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ„Одржлив туризам во искусна економија” STEE“Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027

1.Се прогласува Одлуката за УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/7
30.07.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 05/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржава на ден 26.07.2024 година донесе:

О Д Л У К А
ЗА УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ
„Одржлив туризам во искусна економија” STEE
“Sustainable tourism in an experienced economy”
Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027

Член 1

Општина Ранковце ќе учествува како проектен партнер по однос на Поканата за учество на Ограничениот повик за поднесување на проекти во врска со поднесената апликација со реф. број BGMK0200047 од Територијалната Стратегија која се реализира во рамки на Програмата за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, по Приоритет 3 – Интегриран развој на прекуграничниот регион, специфична цел 1.2.Развој на атрактивна, целогодишна туристичка понуда преку искористување на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество.

Член 2

Се одобрува Градоначалникот на Општина Ранковце да го потпише Меморандумот за партнерство за проектот „Одржлив туризам во искусна економија” STEE во кој водечки партнер е Општина Сапарева Бања од Република Бугарија и да ги потпише сите потребни документи и анекси неопходни за аплицирање.

Член 3

Се одобрува Градоначалникот на Општина Ранковце да потпише изјава со која се гарантира дека во случај на одобрување на проектот од Буџетот на Општина Ранковце времено ќе се обезбедат финансиски средства потребни за реализирање на проектните активности, сè до рефундацијата на трошоците од страна на програмата.
Финансиските средства добиени од Општина Ранковце по добивањето на средствата од програмата ќе бидат вратени на сметката на Буџетот на Општина Ранковце.
Проектот „Одржлив туризам во искусна економија” STEE ќе биде реализиран со поддршка на активности утврдени во стратешките документи за развојот на Општина Ранковце.

Член 4

Општина Ранковце ќе обезбеди слободно право на користење и одржување на стекнатите резултати од проектот за период не помал од 5 (пет) години по одобрувањето на финалното барање за плаќање на проектот, а нивната наменета употреба нема да биде променета во текот на споменатиот период.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/10
26.07.2024 година
Ранковце
Јовановска,с.р.

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

1.Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за одобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/8 **Општина Ранковце**
30.07.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Културно уметничко здружение „Фолклористи“ од Крива Паланка, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.71, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-856/1 од 23.07.2024 година, Советот на Општина Ранковце на 42-та седница одржана на ден 26.07.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства

Член 1

Се одобрува исплата на финансиски средства во износ на 20.000,00 (дваесет илјади денари) на Културно уметничко здружение „Фолклористи“ од Крива Паланка, како финансиска помош за организација и настап на Културно уметничко здружение „Фолклористи“ на целовечерен концерт во Општина Ранковце.

Член 2

Финансиските средства од член еден на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Ранковце, од програмата К4-Културни манифестации и творештво, ставка 463 Трансфери до невладини организации, потставка 463110 Трансфери до здруженија на граѓани и фондации на сметка на Културно уметничко здружение „Фолклористи“ од Крива Паланк 21006762730141 во Н.Л.Б. Тутунска банка.

Член 3

Се задолжува градоначалникот на Општина Ранковце да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/11 **Совет на Општина Ранковце**
26.07.2024 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за неодобрување на финансиски средства

1.Се прогласува Одлуката за неодобрување на финансиски средства, донесена на 42-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.07.2024 година.

2.Одлуката за неодобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-883/9 **Општина Ранковце**
30.07.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајќи по поднесена Програма од Здружение за подршка и помагање на маргинализирани лица Пинк Суппорт од Крива Паланка, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-822/1 од 11.07.2024 година, Советот на Општина Ранковце на 42-та седница одржана на ден 26.07.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за неодобрување на финансиски средства

Член 1

Не се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Ранковце на Здружение за подршка и помагање на маргинализирани лица Пинк Суппорт од Крива Паланка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-845/12 **Совет на Општина Ранковце**
26.07.2024 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет**
2. **Одлука за утврдување на приоритет**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на приоритет**
4. **Одлука за утврдување на приоритет**
5. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план со наменаА4-3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п.бр.1600/3, КО П’клиште, Општина Ранковце**
6. **Заклучок за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план со наменаА4-3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п.бр.1600/3, КО П’клиште, Општина Ранковце**
7. **Заклучок за прогласување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година**
8. **Програма за дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови за Општина Ранковце за 2024 година**
9. **Заклучок за прогласување на Одлуката за изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце**
10. **Одлука за изведување на градба Македонски православен крст на к.п.бр.3443/1, КО Ранковце**
11. **Заклучок за прогласување на Одлуката за ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027**
12. **Одлука за ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ И ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ЗА ЦЕЛИТЕ НА ПРОЕКТОТ „Одржлив туризам во искусна економија” STEE “Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027**
13. **Заклучок за прогласување на Одлуката за УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ„Одржлив туризам во искусна економија” STEE“Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027**
14. **Одлука за УЧЕСТВО, РАЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ„Одржлив туризам во искусна економија” STEE“Sustainable tourism in an experienced economy”Програма за прекугранична соработка INTERREG VI-A IPA Бугарија – Северна Македонија 2021-2027**

15. **Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства**
16. **Одлука за одобрување на финансиски средства**
17. **Заклучок за прогласување на Одлуката за неодобрување на финансиски средства**
18. **Одлука за неодобрување на финансиски средства**

----------/----------